# З А П И С Н И К

Од четиринаесеттата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 31.10.2022 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:12** советници.

**Отсатни:** Светлана Стаматовска, Агнеса Зенуни и Адем Јетмир Јашари.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

**Дневен ред**

**1**.Разгледување и усвојување на записникот од XIII седница на Советот на општина Брвеница.
**2**.Разгледување и усвојување на Предлог- Одлуката за отпис на даночните обврзници.
**3**.Разгледување и усвјојување на втор Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2022.
**4.**Разгледување и усвојување на третиот Квартален Извештај на општина Брвеница за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година.
**5.**Предлог-Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2022-2023 година.
**6.**Предлог-Одлука за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управен Одбор на ЈОУДГ ,,Сонце-Диели,, општина Брвеница.
**7.**Предлог-Правила за утврдување на процедурите за лобирање на општина Брвеница.
**8.**Барање за финансиска помош од лицето Ивица Тодороски.
**9.**Информација по однос склучени Договори за постапување со отпадна електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори.
**10.**Информација по однос Одлуката за синхронизирање на општините од Полошкиот плански регион во однос на воведување рестрикции на јавното осветлување.

Претседателот на Советот праша дали има некој да се јави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред , бидејќи немаше истиот го стави на гласање и беше едногласно прифатен.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„**Разгледување и усвојување на записникот од XIII седница на Советот на општина Брвеница**„** Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали некој има забелешка на записниците за дванаесеттата седница на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Записникот од XIII седница на Советот на општина Брвеница**„** , го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен од присутните 12 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, **„**Разгледување и усвојување на Предлог- Одлуката за отпис на даночните обврзници,, Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, оваа одлука за отпис на даночни обврски се носи секоја трета година, се работи за застарени даночни обврски и мислам дека треба да се гласа.

Соодветната од општината кажа, Одлуката за отпис се носи согласно Законот за данок на имот, ова оди по предлог на Градоначалникот и се врши траен отпис на застарени даночни обврски секоја трета година.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлуката за отпис на даночните обврзници,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 12 советници.

**III**

По однос третата точка од дневниот ред „Разгледување и усвјојување на втор Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2022" Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, по однос на оваа точка ни беше објаснето од страна на соодветниот од општината и ние истата ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Соодветниот од општината кажа, има нови распределби на ниво на држава, во петок ни соопштија на телефон но уште нема писмено ништо испратено. Претходно имавме 21.921.000 денари ДДВ од претходно а сега е 28.416.000, што значи оклу 8.000.000 денари е плус. Има покачување и кај школите од 94.861.000 а кај градинката 6.124.000. За ОЈП се предвидени 5-6 милиони за трансфер и исклучиво за долгот за струја. Има покачување и кај блок-дотациите од 101.008.585 денари. Кај новата Програма за заштита и спасување и тоа само формално бидејќи така се бара.

Понатака соодветниот од општината продолжи да објаснува за Буџетот по Програми и ставки.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Втор Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2022" Брвеница,, , ја стави на гласање и истата беше прифатена со 12 ЗА од присутни 12 советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на третиот Квартален Извештај на општина Брвеница за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година,, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, и оваа точка ја разгледавме и ја прифативме на седницата на комисијата, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината да образложи по однос точката.

Соодветниот од општината кажа, исто како и секогаш во Кварталниот Извештај не може да се интервенира бидејќи е Извештај. Обврската од 1.343.741,00 е обврска за потрошено моторно гориво за потребите на општината, износот од 1.815.660,00 обврска за јавното приватно партнерство за одржување на уличното осветлување, износот од 3.020.967,00 денари за набавка и поставување на бекатон плочки низ цела општина, износот од 26.288.997,00 денари се за кредитот, износот од 336.022,00 денари за набавка на нова кола, износот од 842.966,00 денари за набавка на втората нова кола, износот од 918.236,00 денари за водоводна пумпа за с.Горни Челопек, износот од 2.909.800,00 денари за изградба на дворното место, пред црквата во с.Брвеница и други обврски 6.548.123,00. Понатака соодветниот од општината продолжи да објаснува по однос приходите и расходите колку е реализирано и колку е потрошено.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Трет Квартален Извештај на општина Брвеница за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 12 советници.

**V**

По однос петтата точка од дневниот ред „Предлог-Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2022-2023 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, Комисијата за урбанизам имаше само една точка на дневен ред а тоа беше Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2022-2023 година, тука беше соодветниот од општината и ни објасни за истиот, ние го усвоивме и предлагаме и вие да го усвоите.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, со овој Оперативен план за зимско одржување се предвидува обемот, динамика и начинот на одржување на општинските патишта и улици. Овој план има за цел да обезбеди активности во врска со зимското одржување на патиштата како набавка на сол, абразивни средства и песок, а главната цел на овој план е да се обезбедат услови на нашите граѓани слободно да се движат по патиштата низ нашата општина. Сето ова планираме да го направиме со сопствени сили и сопствени капацитети. Имаме сопствени возила за фрлање сол и абразиви, 3 багери, 2 камиона и трактор и имаме набавено 20 тона и а во набавка сме на уште 20 тона сол. Солот се меша со песок во сразмер 3/1. Активностите ќе се преземаат односно планот ќе се реализира според важноста на локалните патишта и исто така според важноста се поделени на три категории по приоритет.

Како прв приоритет ќе биде чистење на улиците кои водат до виталните објекти во општината како што се амбулантите, училиштата, пекарите, гробиштата и друго. Втор приоритет ќе бидат опфатени сите улици и тротоари во сите населени места каде што има пристап на градежната механизација а трет приоритет, по завршување на расчистувањето на улиците од прв и втор приоритет. Понатака соодветниот од општината продолжи да објаснува по однос Оперативниот план.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, сите сме сведоци дека зимското одржување е во најдобар ред само на пунктовите кои се предвидени да се однесе храна и соодветна облека за вработените.

За збор се јави Адем Јашари и кажа, иако неема снег да се фрли сол од 15 бидејќи теренот е лизгав и смрзнува и без снег.

Соодветниот од општината кажа, точно е дека тој предел е таков каков што го опишавте и затоа јас сугерирам што побргу односно до крајот на неделата сол да се однесе по пунктовите.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Оперативен план за зимско одржување на локалната патна мрежа и улици во населените места на подрачјето на Општина Брвеница за 2022-2023 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 12 присутни советници.

**VI**

По однос шестата точка на дневниот ред „ Предлог-Одлука за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управен Одбор на ЈОУДГ „Сонце-Диели„ општина Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на соодветната од општината.

Соодветната од општината кажа, од страна на градинката имавме пропратно писмо со кое е даден предлог од Советот на родители односно за разрешување на член на Управен одбор Душко Билбилоски чие дете е веќе запишано во прво одделение и мора автоматски да се разреши за да се именува новиот член Сашо Дамјаноски.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управен Одбор на ЈОУДГ „Сонце-Диели„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните -- советници.

**VII**

По однос седмата точка на дневниот ред **„**Предлог-Правила за утврдување на процедурите за лобирање на општина Брвеница„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор и даде на соодветната од општината.

Соодветната од општината кажа, јас сум лице назначено за соработка со ДКСК, бев на обука и ми рекоа дека мора на Совет да се донесе Правила за утврдување на процедурите за лобирање на општина Брвеница а регистарот е кај ДКСК.

Претседателот на Советот кажа, во дилема сме околу оваа точка, на многумина од нас не им е јасно. Давам 5 минути пауза за да се координираме.

После паузата од 5 минути, Претседателот на Советот кажа, бидејќи било обврска да го направиме, бидејќи било обврска, можеби ќе бидеме прва општина што воспоставува лобирање.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Правила за утврдување на процедурите за лобирање на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**VIII**

По однос осмата точка од дневниот ред „Барање за финансиска помош од лицето Ивица Тодороски„ , Претседателот на Советот ја прочита истата и

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, како што секогаш сме се труделе да бидеме хуманитарни по можностите на општината, па како сме ги помагале другите така ќе помогнеме и сега.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ финансиска помош од лицето Ивица Тодороски„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

**IX**

По однос деветтата точка од дневниот ред „Информација по однос склучени Договори за постапување со отпадна електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, согласно законот за управување со отпад, комунален, инертен и отпад од пакување о.Брвеница има склучено договор со фирмата ПАКО-МАК која е непрофитна фирма и се занимава со собирање на пеп амбалажа. Ние немаме склучено договор за отпад од батерии, електричен отпад и отпад од електрични апарати и најдовме фирма која се занимава со овој вид отпад. На 14.10.2022 година склучивме договор за овие видови на отпад. Според договорот фирмата ќе ја снабдува општината со корпи за отпад, значи опремата е нивна, корпите ќе бидат поставени по дуќани, училишта и други пролазни места додека за габарите н отпад фирмата ќе направи еден пункт, ќе направи објект и таму ќе се складира овој вид на отпад. Ќе се истакнат и броеви од фирмата каде што граѓаните ќе може да се јават, габаритниот отпад ќе го извадат пред врата, нашите вработени ќе го земат и ќе го однесат на пунктот. Општината нема да има никакви реперкусии, ниту пак граѓаните ќе имаат. Оваа фирма ќе организира и направи кампања на учениците и граѓаните во врска со сето ова. Финансискиот дел е дел од фирмата која ќе го собира и третира отпадот и јас им реков дека ќе имаме проблем со овој сектор што собира отпад и им предложив фирмата да дели бончиња и на тој начин да ги стимулира граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, овој договор како договор е добар, на жителите на о.Брвеница ќе им се олеснат работите и дополнително ќе бидат информирани по однос на ова.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, го поздравувам овој договор и нормално дека е добар, соодветниот од општината ја спомна фирмата ПАКО-МАК за собирање на картони и стакло, би побарал да има повторно такви големи кошеви за собирање на пластика. Значи дека електричен отпад ќе имаме помалку и секако дека ќе гласам но ова што го предложив да влезе во програмата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Склучени Договори за постапување со отпадна електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори,, ја стави на гласање и истата едногласно беше прифатена од присутните 12 советници но бидејќи беше како информација за истата не се носи акт.

**X**

По однос десеттата точка на дневниот ред **„**Информација по однос Одлуката за синхронизирање на општините од Полошкиот плански регион во однос на воведување рестрикции на јавното осветлување,, Претседателот на Советот ја прочита истата отвори расправа и воедно кажа, исто така и порано сме донеле таква одлука за рационализација, некаде во некои општини не се почитува но кај нас да, од утре поради времето што се смени да се смени и тајмерот и пред да почне обредот да има порано осветлување. Значи со оваа Одлука го потврдуваме тоа што претходно сме го донеле.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, имам едно прашање до Абиљ, дали ЕВН го регулирта штелувањето на палењето на уличното осветлување, има некои делови во улиците каде покасно се пали баш во времето кога одат текстилните работници на работа.

Соодветниот од општината кажа, пред стапување на сила на Одлуката за да штедиме електрична енергија, уличното осветлување работи по принцип на сензор на светло. За да се воспостави овој систем на штедење требаше да се стават временски тајмери кои ги регулира концесионерот. Времето може да се промени, да се обратите до општината, да се консултираме и да најдеме решение.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„**Информација по однос Одлуката за синхронизирање на општините од Полошкиот плански регион во однос на воведување рестрикции на јавното осветлување **„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 12 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши тринаесеттата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-2896/2**
**31.10.2022 год.**
**Брвеница**